# ЗАПИСНИК

**Записник од одржана Јавна расправа за Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Изградба на Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, општина Врапчиште и општина Гостивар (km 37+716 – km 53+127), за потребите на Јавно претпријатие за државни патишта-Скопје, одржана на ден 17.07.2025 (четврток) во зградата на општина Врапчиште**

На ден 17.07.2025 година, во зградата на општина Врапчиште се одржа Јавна расправа по Студија за оцена на влијание врз животната средина за проектот: Изградба на Коридор 8, делница на Автопат: Тетово – Гостивар, општина Тетово, општина Боговиње, општина Врапчиште и општина Гостивар (km 37+716 – km 53+127), за потребите на Јавно претпријатие за државни патишта-Скопје, која започна во 12:00 часот.

Присутни:

- Александар Петковски - помошник раководител на Сектор за животна средина - (МЖСПП)
- Назлие Јахија – Советник за постапка за ОВЖС - (МЖСПП)
- Емил Стојановски – Енвиро Ресурси ДОО-Скопје
- Љупчо Аврамовски - изготвувач, експерт за ОВЖС и презентер на студијата
- Станко Илиќ Попов - Енвиро Ресурси ДОО-Скопје
- Rezak Jakupi – ЈКП Врапчиште
- Љубомир Петковски – Electra Ird
- Hetem Ademi – општина Врапчиште
- Bronwyn Hinspeter – BEUK
- Vincent Nougalede – BEUK
- Asim Xhelili – BEUK
- Enes Ay – BEUK
- Jswait Bajrami – општина Врапчиште
- Mufalip Jalami – општина Врапчиште
- Alime Bajrami – општина Врапчиште
- Лимба Минова Златески – ЈПДП
- Александар Журовски - ЈПДП
- Emina Iljazi – општина Врапчиште
- Razim Osmani – ЈКП Врапчиште
- Besim Ramadani – општина Врапчиште
- Qatip Dauti – општина Врапчиште
- Rabije Minahi – општина Врапчиште
- Ismet Ramadani – Blue river Mazdraca
- Fluturim Neziri - општина Врапчиште

Јавната расправа се одвиваше по следниот дневен ред:

**1. Отворање**

Јавната расправа ја отвори Александар Петковски - помошник раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање. По претставување на присутните претставници од страна на Министерството за животна средина изврши кратко запознавање со постапката за спроведување на оцена на влијание на проектот врз животната средина за наведениот проект, по што му даде збор на Љупчо Аврамовски - изготвувач, експерт за ОВЖС и презентер на студијата, од Енвиро Ресурси ДОО од Скопје да изврши презентација на студијата за ОВЖС.

## 2. Презентација на студијата за оцена на влијание врз животната средина

Целта на реализирање на проектот

Врз основа на видот и големината на проектот, МЖСПП го задолжи инвеститорот да изработи Студија за оцена на влијанието врз животната средина. Студијата е изготвена согласно утврдениот обем од страна на МЖСПП а нејзина основна цел е: идентификација на базните услови на животната средина, како и основните социо- економски услови во подрачјето каде ќе се спроведува проектот, предвидување и опис на веројатните ефекти / влијанија од проектот, предлог мерки за намалување на влијанијата, каде тоа е неопходно и план за управување со животната средина.

Целта на проектот е изградба на „Автопат: Тетово-Гостивар, Коридор 8“, односно проширување на постојните 4 ленти, изградба на нови надвозници, изградба на нов систем за одводнување на на телото на патот, реконструкција на постојните наплатни станици и други содржини во должина од (km 37+716 – km 53=127), кој се протега низ општина Тетово, општина Боговиње, општина Брвеница, општина Врапчиште и општина Гостивар.

Во Студијата за ОВЖС направена е детална и сеопфатна оценка на можните влијанија врз животната средина, геологијата и почвата, површинските и подземните води, емисија на прашина, бучавата како и биодиверзитетот, флората и фауната. За истите предложени се мерки за заштита, ублажување и намалување на потенцијалните негативни влијанија за кои инвеститорот се обврзува да ги почитува. Исто така во текот на фазите на експлоатација и оперативност ќе биде спроведуван План за следење на животната средина или Мониторинг план.

## 3. Дискусија

По завршување на презентацијата од страна на Љупчо Аврамовски - изготвувач, експерт за ОВЖС и презентер на студијата од Енвиро Ресурси ДОО-Скопје, Александар Петковски - помошник раководител на Сектор за животна средина во Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање истакна дека сите рокови се запазени, исто така и дека сите заинтересирани страни се навремено информирани, со објави во дневни весници, радио, ТВ, како и поканување на претставници од невладините организации.

Потоа беше отворена дискусијата

-Од страна на Љупчо Аврамовски - изготвувач, експерт за ОВЖС и презентер на студијата од Енвиро Ресурси ДОО-Скопје беше укажано дека нашето присуство тука не се однесува за експропријација на земјиштето, односно за презентација на студијата за ОВЖС која се однесува на делот за загадување врз животната средина.

Бесим Рамадани од општина Врапчиште посочи прашање до ЈПДП, дали во фаза на проектирање на патот предвидени се пристапни патишта до полињата кои се користат за земјоделие, бидејќи во таа должина гравитираат 15 населени места (села) на кои им треба пристап.

Од страна на претставникот од ЈПДП - Лимба Минова Златески на ова се одговори позитивно дека е предвидено на сите парцели кои се опфатени со земјоделски површини да има пристапни патишта.
На ова се надоврза и Александар Журовски – ЈПДП дека се предвидени земјишни патишта до нивите што се обработуваат и дека за нив се зема дел од експропријацијата за да има соодветен пристап.

Следеше уште едно прашање од Бесим Рамадани од општина Врапчиште за вибрациите кои се создаваат за време на градење на патот, што е предвидено како мерка, бидејќи има многу бунари, извори на вода на кои може да им се наруши режимот на вода или да исчезне.Кажа пример дека имало случај при градба на патот да снема вода од бунарот после вибрациите и како би се заштититиле тие?

Потоа за збор се јави Станко Илиќ Попов - Енвиро Ресурси ДОО-Скопје на кое даде одговор дека самото вибрирање на земјиштето од тешката механизација која се користи за изградба на патот може да влијае на режимот на подземните води кои се користат, бидејќи нема начин да се заштитат од тоа одливање од басен во басен, но дека тоа нарушување би било краткотрајно и потоа истите би се вратиле во нормала, и тие бунари повторно би се наполниле со вода.

Следеше реплика од Бесим Рамадани од општина Врапчиште дека ако се случи нешто населението би реагирало и кој би ја превзел одговорноста.На ова г-дин Станко дополни дека водата се враќа повторно и дека нема да има никаков проблем.
Истото го потврди Бесим Рамадани од општина Врапчиште со претходниот пример дека да, водата за неколку дена се вратила повторно во бунарот.
Додаде дека по кој закон се одредува 50m за градба во заштитен крајбрежен појас?
Истото беше одговорено од страна на експерт за ОВЖС и презентер на студијата од Енвиро Ресурси ДОО-Скопје, дека тоа се одредува по Закон за води, но одлуката за ширината на крајбрежниот појас го одредува самата општина.

Александар Петковски дополни дека доколку некој има забелешки може да ги достави дополнително до Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање.

По исцрпување на дискусијата, немаше дополнителни прашања од присутните на јавната расправа и истата беше затворена од страна на Александар Петковски во 13:30 часот.